СЕПТЕМВРИ 2023

# ЈОСКА




НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

## ПРЕДИЗВИК ЗА НОВИ УСПЕСИ

УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

# СОДРЖИНА




03

ОД УРЕДНИКОТ

04

ТОП ТЕМИ
ЗА ПОДОБАР ПОЧЕТОК

05

НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА ПРЕДИЗВИК ЗА НОВИ УСПЕСИ

07

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

08

ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРОТ: АЛЕКСАНДАР ДЕЛИЏАКОВ

12

5 РАБОТИ ШТО ГО ПРАВАТ ДОЈРАН ПОСЕБЕН

14

ПРОЕКТИ И НАСТАНИ

16

НИЗ ОБЈЕКТИВОТ НА АНДРЕЈ ДИМОВ




## БРОЈ 1

# ОД УРЕДНИКОТ



Месечниот магазин „Јоска“ е продукт на учениците од СОУ „Јосиф Јосифовкси“ од Гевгелија водени од желбата за иновирање, креирање и претставување на своите активности и активностите на Училиштето.

Членовите на клубот „Јоска“, од кадешто произлегува и идеата за реализација на магазинот, е мотивирање на сите што се вклучени во образовниот процес и инспирирање за да го најдат најдоброто во себе и бидат придонесот во развојот на подобро и поуспешно училиште.

Магазинот е начин да се отвори едно ново поле кое експлоатационо малку е присутно во редовната училишна настава. Учење како се создава новинарски текст, како се фотографира, како се уредува страница, се само дел од медиумското описменување што го нуди „Јоска“.

Тони Аврамов

# ТОП ТЕМИ
## ЗА ПОДОБАР ПОЧЕТОК

**Секој наставник потребно е да им укаже на своите ученици дека треба да имаат јасно поставени цели. Учењето е најважно, но не заборавајте дека учениците се деца и дека треба да посветуваат внимание и на други активности во животот. Затоа наставникот не е само предавач, туку и учител за животните вештини.**



Кажете им на учениците дека времето за учење треба да биде ефективно, но сепак не ги одвраќајте децата од телевизорите, таблетите и телефоните, сепак, тие веќе одамна им се навика. Работете со нив или упатувајте ги да стекнат нови навики, можеби некои од нив ќе откријат талент што можеби „спиел“ во нив.

Работете со учениците за да одредите што сакаат да постигнат оваа учебна година. Помогнете им да ги разделат долгорочните цели во помали делови за да можат етапно да ги совладуваат.





Често давајте искрени пофалби. Пофалете ги вашите ученици не само за она што го постигнуваат, туку и за она што се обидуваат да го постигнат.

И не заборавајте, во ланецот од комуникациски ситем не ви се важни само односот меѓу наставник-ученик, туку наставник-ученик-родител.

# НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА ПРЕДИЗВИК ЗА НОВИ УСПЕСИ




Почетокот на новата учебна година носи возбуда и неизвесност на сите оние кои живеат со желбата да учат, се описменуваат и градат како луѓе со вистински вредности. Пред секој од нив се издигнува нов врв кој чека да биде освоен, нова прилика, нов пат кој треба да се изоди.

Главната улога во овој процес кој го нарекуваме образование, ја имаат учениците, тие пред себе имаат можност да постигнат нови успеси, да ги поместат границите на своите очекувања и да изградат пат каков што сакаат и заслужуваат.

> **Разбудете ја страста кон учењето. Ако го направите тоа, никогаш нема да престанете да созревате.**
>
> **Антони Д'Анџело**

Уште на самиот почеток, најважно од сè е поставување цел кон која тежнееме да стигнеме. Целта, како завршна точка од еден долг пат, самата по себе е успех и награда. Успехот пак, треба да се заслужи и да биде резултат на напорна работа и вложен труд.

Ѓорги Новаковски



Сето ова единствено се постигнува со непоколебливост, посветеност и цврста верба во своите квалитети. Вербата во себе резултира во поголема истрајност и упорност на патот до успехот.

Исто така, од особена важност е континуитетот во остварување на замислените идеи и планови. Потребна е постојаност во извршување на задчите, решителност во тешките моменти, и секако голема самокритичност и согледување на сопствените грешки.

Кога ги поседуваме сите овие особености и напорно работиме, успехот е неизбежен.



Училиштето е почеток на сите позитивни промени во општеството и место каде секој има можност да допринесе во создавањето на подобри услови за живеење преку квалитетите кои ги поседува, дарбите, вештините и животното искуство.

Образованието ја има најважната улога во животот на сите луѓе. Ги насочува луѓето како да размислуваат, како да функционираат правилно, да носат правилни одлуки, и на крај само образованите луѓе можат максимално да го искористат својот потенцијал.

Образованието е еден од важните фактори кои ја формираат личноста на еден човек. Тоа е право на секој човек на планетава. Затоа треба максимално да се искористи секој ресурс кој ни го нуди образованието, за создавње успешни приказни и позитивни промени на секое поле.

**Само образованите луѓе се слободни.**

**Епиктет**

# НЕКОЛКУ ВАЖНИ ИЗВАДОЦИ ОД
# **КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**



ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА УЧЕНИКОТ ДА МУ ПРЕТСТАВУВААТ НАЈВИСОК ИМПЕРАТИВ ВО НЕГОВОТО ОДНЕСУВАЊЕ.

УЧЕНИКОТ ДА ГИ СОЗНАВА И ПОЧИТУВА ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ИНДИВИДУАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ КОИ ИМААТ ТРАЕН КАРАКТЕР И КОИ ТРЕБА ДА ЈА ЧИНАТ ОСНОВАТА НА МОРАЛНОСТА НА ЕДНА ЛИЧНОСТ.

ДА ГИ ПОЧИТУВА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ И ОДЛУКИТЕ НА ОРГАНИТЕ ЗА УЧИЛИШТЕТО И ПОШИРОКО.

СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ДА ВНИМАВА НА СВОЈОТ ГОВОР/ЈАЗИК, КОЈ ТРЕБА ДА Е ЛИТЕРАТУРЕН, ЈАСЕН И ДОСТОИНСТВЕН.

СЕКОГАШ ДА СЛУЖИ ЗА ПРИМЕР СО СВОЈОТ ИЗГЛЕД И ОДНЕСУВАЊЕ И ДА ФОРМИРА КУЛТУРНИ И ЕСТЕТСКИ НАВИКИ.

ДА ВНИМАВА НА СВОЈОТ МОРАЛЕН ЛИК.

ЈА ПОЧИТУВА ЛИЧНОСТА НА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО, РОДИТЕЛИТЕ И ДРУГИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ.

НЕ ГИ ПОТЦЕНУВА И НАВРЕДУВА ДРУГИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И НЕ ВРШИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВ НА ПОЛОВА И ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ.

НЕ СМЕЕ ДА ПРОЈАВУВА АГРЕСИВНОСТ (ВЕРБАЛНА И ФИЗИЧКА), НЕТОЛЕРАНТНОСТ, ЖЕЛБА ЗА ДОМИНАЦИЈА.

ПРИДОНЕСУВА И ЈА ПОТТИКНУВА КОМУНИКАЦИЈАТА И СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ И УЧИЛИШТЕТО.

# ИНТЕРВЈУ



# АЛЕКСАНДАР ДЕЛИЏАКОВ

в.д. директор
на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија

## Со вистинско образование до вистински вредности кај личноста на ученикот!

*Образованието е најважен сегмент со кој се задоволуваат потребите на новата архитектура на пазарот на трудот предизвикана од брзиот развој на техниката и технологијата.*

*Средното образование е потсистем кој генерира голем број на кадри како работна сила и овој систем треба да има клучно место во оптешсвото. Создавањето на флексибилен и конкурентен систем на образование може да обезбеди кадри компатибилни на барањата на трудот и да креира општество на знаење.*

**Каков е предизвикот да се биде директор на училиште кое веќе 70 години успешно ја гради својата историја како најважна образовна институција во Гевгелија?**

Самата функција в.д. директор на СОУ„Јосиф Јосифовски“ носи големи одговорности, бара посветеност и несебично вложување во реализацијата на работните активности. Современото училиште треба да ги поттикнува и развива талентите кај учениците особено оние кои се карактеристични за индивидуата, а се практично применливи и продуктивни. Во таа смисла доколку училиштето кај секој ученик го развива талентот карактеристичен за него дотолку во иднина ќе имаме врвни стручњаци на сите полиња. И во поглед на наставата, современото училиште како еден од приоритетите ја има творечката настава. Со други зборови, низ наставата учениците ќе имаат можности за ефикасно усвојување на знаење со примена на мултимедијални извори затоа што на тој начин учениците ќе се подготват за активно практикување на теоретските знаења и за успешно вклучување во течението на промените кои ги носи технолошкиот развој во секојдневниот живот.

Исто така модернизацијата на наставата наметнува повеќе практика, повеќе конкретни примери, многу реални проекти, вежби затоа што учењето од книга само ги проширува видиците и дава неопходни информации, но не ги развива практичните способности на учениците.

Да бидете директор на училиште кое веќе 70 години успешно ја гради својата историја како најважна образовна институција е предизвик кој бара од вас специфични вештини и стратегии.

Најпрво треба да се разбере историјата и културата на училиштето преку студирање на развојот на училиштето, неговата мисија, вредностите и традициите.

Комуникацијата и изградбата на добри односи со сите чинители вклучени во воспитно-образовниот процес се клучни. Треба да бидете отворени за дијалог и да ги слушнете ставовите и потребите на секој.

Иако училиштето е успешно, секогаш има место за подобрување. Треба да се работи и вложува во развивање на стратегии и акции за подобрување на наставниот процес, вработените и учениците, како и инвестирање во образовни технологии и иновации кои можат да го подобрат образованието во нашето училиште. Како директор, треба да бидете во тек со најновите трендови и истражувања во образованието и константно да се инвестира во свое професионално развивање и обучување. Како лидер, треба да имате силни лидерски вештини, како комуникација, управување со конфликти и менаџмент. Исто така вклученоста на родителите и заедницата во различни активности се важен дел од успехот на училиштето. Важно е да донесувате одлуки со интегритет и да ги применувате најдобрите стратегии за да ги премостите предизвиците.

Да бидете директор на успешно училиште е голем предизвик, но со правилна подготовка, ангажман и стратегии, може да го одржите и подобрите влијанието и квалитетот на образованието во самата институција.

**Со оглед на образовните профили што во моментот се изучуваат во училиштето каква ќе биде организационата кадровска поставеност и стручност?**

Организационата кадровска поставеност и стручност во училиштата значително зависат од образовните профили и програмите што се изучуваат и треба да се прилагоди според образовните потреби на учениците и целите на училиштето. Важно е да се обезбеди дека наставниците имаат соодветни квалификации и поддршка за да можат да ги исполнат своите улоги ефикасно и да обезбедат квалитетно образование за учениците.



Гимназиското и стручното образование во нашето училиште градат мост и се потпираат на неколку столба: Интенционалниот столб е важно обележје на современото училиште, и претставува намерна, свесна активност, која училиштето ја презема за подигање на една млада личност. Тој е ознака за планско водење и насочено воспитување и образување на младата личност, да се создаде од децата и младите свесни и одговорни граѓани кои ќе бидат подготвени за соочување со предизвиците на современото општество и светот во кој што живеат.



Персонален столб кој е свртен кон ученикот, неговите потреби, интереси, афинитети и можности. Медиумски столб –нашето како современото училиште ги има на располагање современите техничко-технолошки и комуникациски средства. Се користи информатичката технологија, разновидните аудио и визуелни средства, со што учениците се стекнуваат со информатички комуникациски вештини и се во можност да се вклучат во современиот цивилизиран свет и култура, да пребаруваат да разменуваат информации и да ги користат.



Организациски столб – преку кој прецизно се одредени временско-содржинските и просторно-техничките структури. Во училиштето влегуваат ученици со сиромашни животни и едукативни искуства, а излегуваат како едуцирани личности со продлабочени и квалитетни знаења од различни области и подрачја.

Временскиот столб кој се согледува во добрата организацска поставеност на воспитно-образовниот и целокупната работа на училиштето. Животот и работата во современото училиште се одвива според прецизно утврдена динамика на активности и реализација на соодветни содржини во определни временски рамки (годишни, полугодишни месечни, неделни и дневни содржини).

**Која е визијата на Александар Делиџаков за иднината на средното образование?**

Образованието создава слобода, воспитанието укажува како да се употреби слободата. Со креирање услови за учење и поттикнување развој на умешноста да се учи и научи, да се дејствува во животот и за животот, ја развиваме основата на нашата визија за иднината на нашата воспитно-образовна цел – слободна личност, со безброј можности и способност да дејствува и да успее.



Со 70-годишното постоење нашето училиште преку користење на искуствата од традицијата, со добра организација и стручен наставен кадар, со максимално ангажирање и мотивирање важи за модерно и современо училиште.

Очекувам истото да биде средина со силна поддршка за развивање внатрешна мотивација и ентузијазам за работа, креативност, визионерство, иницијативност, натпреварувачки дух и тимска работа.

Ќе настојувам да се развива концептот за поттикнување нови идеи, да се негува здрава и сигурна клима за индивидуален развој, да се пренесе свесноста за запазување на пријатна атмосфера во училиштето, со меѓусебно почитување, поддршка и еднакви права за сите. При тоа ќе се задржат аспектите за современа настава, иновативен пристап во наставниот процес, координација со потребите на пазарот на трудот и примена на обуки и стекнување практични вештини преку разни образовни можности, со акцент на инклузивноста, етичноста, хуманоста, еколошката свест, како и слободата на ученикот да креира и да дејствува во согласност со своите можности и афинитети.

Современото учење опсежно навлегува во слободниот избор на можности кои ги пружи образовниот процес, па ученикот ќе има предизвик да ги проширува своите интереси и мотивирано да ги надминува сите задачи, учејќи и тежнеејќи кон повисоки вредносни параметри. Успешни генерации ученици се резултат и сведоштво на класа наставници (вредни, посветени, доследни, вешти во работењето) со многу знаења, со многу квалитети.

*Работникот има цел и визија, и мора да продолжи да напредува во следење и континуитет на наставните предизвици. Ништо не е тешко кога се сака и може. Прво треба да заслужиш, па да бидеш награден. Мотивот е врвен приоритет!*

Продолжува во наредниот број

# ПЕТ РАБОТИ ШТО ГО ПРВАТ ДОЈРАН ПОСЕБЕН



**Марија Упчева**

*Да си дојранчанка не значи само да ја знаеш легендата за убавата Дојрана, туку и да знаеш зошто сакаш летните горештини да ги минуваш во природата која нуди толку многу различности што не можеш да ги опишеш во два-три реда текст.*

Дојран е мојот дом, гратче распослано покрај Дојранското Езеро, место во кое живеат луѓе од различни возрасти и место кое им е познато на многумина како совршено за летен одмор.

Дојран е место кое мора да го посетите, затоа што во него се испреплетени минатото со иднината, сегашноста со желбата да се сочинат пријатни места за престој и знаменитости што не треба да се заобиколат доколку сте овде. И навистина во Дојран сѐ ви е како на дланка. Не ви треба многу време за да видите и посетите сѐ што сакате.

## 01

За Дојран е познато дека тој својот најголем цут го доживевува за време на лентната сезона и тоа може да ви го потврдат младите средношколци.

Да, и јас сум средношколка. Учам во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, Економија право и трговија – избор што мислам дека ќе ми послужи за идната моја професија во мојот град.




## 02

Една обична вечер во Дојран за момент се променува кога приватните локали се одлучуваат да направат различни видови на забави како White sensation, All in Black, Pool Party и многу други. А дали времето ќе го поминеме на такви места или на накои летни тераси заедно со кругот на пријатели, останува на нас самите да одлучиме.




# 03

Времето во Дојран секогаш е исполнето, опкружени со различни атракции и активности никогаш не е здодевно. Седмиците на фестивалите како што се „Д-Фест“ и „Мандра“ секогаш се незаборавни и оставаат голем впечаток, ни овозможуваат почетоци на нови пријателства и луди моменти кои остануваат врежени во нашата потсвест.

# 04

„Дојран може да ви понуди забавни моменти, интересни мигови, меѓутоа некогаш забавата во Дојран ќе треба сами да си ја направите”, оваа е најчестата реченица која може да ја слушнете од помладите личности кои живеат овде.



# 05

Едно обично секојдневие најчесто ни започнува во подоцните утрински часови со одење на плажа и уживање во возењето по Дојранското Езеро.

И после ова, после секое лето, нема друго... едноставно, нормално е да се враќаме назад, на училиште.

*Животот тече, а нашиот Дојран останува да крие по некоја наша тајна. Да, секој си знае каква.*






# ПРОЕКТИ И НАСТАНИ

Проект CLOSE, кој се реализира преку ЕРАЗМУС програмата има за цел да ја промовира употребата на киното како наставна алатка во училиштата, за развој на вештини кај младите луѓе и како средство за превенција од родово базирано насилство.

Од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија во првата фаза од проектот се вклучени наставниците: Тони Аврамов, Даниела Цишева, Стефчо Стефанов, Маја Проданова, а координатор на проектот е Снежана Сарамандова.




Синергијата меѓу наставниците, учениците, образовните институции и меѓународните партнери ќе биде клучен елемент за постигнување на оваа цел заради обезбедување конкретни алатки за позитивно и конструктивно справување со предизвиците од секојдневниот живот со кои младите се соочуваат денес.




Проектот „ЈАС=МЕДИУМ“ на здружението „Од станица до граница“ се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Проектот „Јас=Медиум“ е кофинансиран од Општина Гевгелија.

Во рамките на проектот ќе бидат реализирани следните активности:

- Работилница со режисер за филмска писменост и подготовка и изработка на видеа за медиумска писменост;
- Реализација на едукативна театарска претстава;



## ЈАС = МЕДИУМ

- Интерактивни работилници со новинар и професори (сертифицирани за обука за медиумска писменост) и ученици претставници на училишните заедници;
- Работилница со професори по македонски јазик и литература за употребата на македонскиот стандарден јазик во медиумите.



НИЗ ОБЈЕКТИВОТ НА

# АНДРЕЈ ДИМОВ














"

**Не можам да пеам, можам да сликам. Не можам да пишувам како се чувствувам, така што ми останува фотографијата за да ги изразам моите чувства. Фотографијата е уметност која знае да украде трошка време**

**Андреја Трифу**

# АНДРЕЈ ДИМОВ

Првенец на генерација во ООУ „Крсте Мисирков“ во 2023 година, член на Ансамблот „Бојмија“, активен волонтер на ОО на Црвен крст од Гевгелија и љубител на фотографијата. Низ фокусот на објективот Андреј ја црта убавината на природата.





## СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“

Ул. „Македонија“ 1
1480 Гевгелија
www.josifjosifovski.edu.mk

## КЛУБ „ЈОСКА“

*Импресиум*:
Ѓорги Новаковски, Марија Упчева
Андреј Димов,
Ученици I4 и II2 вклучени во проектната активност
под раководство на професорот Тони Аврамов

*Фотографии:*
Борис Ќаев, Андреј Димов